**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДА

Почитувани,

Договорниот орган: Министерството за финансии на Република Македонија, со седиште на ул: "Даме Груев", бр. 14 - Скопје, има потреба од набавка на услуга – објавување на огласи во печатени медиуми.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за доделување на договор за јавна набавка на услуга, во согласност со член 100, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07 и 130/08), за што објави оглас број 13-1/2009.

Лица за контакт во врска со предметот на набавката: Андреј Ангеловски, тел. 02/3126-031, електронска адреса: andrej.angelovski@finance.gov.mk и Ирена Стоименова, тел. 02/3106-432, електронска адреса: irena.stojmenova@finance.gov.mk.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет на договор за јавна набавка најдоцна до 29.01.2010 година до 12 часот, по пошта или лично со поднесување во писарницата на Министерството за финансии.

Кон оваа покана е приложена тендерска документација која ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата. Молиме, при изготвувањето на понудата економските оператори да ги користат оригиналните обрасци кои се составен дел на тендерската документација.

Заинтересираните економски оператори можат да ја подигнат тендерската документација секој работен ден од 8,30 до 16,00 часот во зградата на „Технометал-Вардар", (ул. „Димитрие Чуповски", бр.11 – Скопје), 5-ти кат, канцеларија бр.508.

Тендерската документација може да се земе без надоместок.

Само економските оператори што подигнале тендерска документација, односно што го потврдиле преземањето на тендерската документација со потпис имаат право да достават понуда за учество во постапката.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на ден 29.01.2010 година, во 12 часот, во просториите на Министерството за финансии, во зградата на „Технометал-Вардар" (ул. „Димитрие Чуповски", бр.11 – Скопје), 5-ти кат, канцеларија бр.507.

Однапред благодариме на соработката.

Во Скопје,
14.01.2010 година

Комисија за јавни набавки
Претседател,
Андреј Ангеловски